**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште „Коле Неделковски“-Скопје во учебната 2026/2027 година**

1. Се усвојува Годишната програма за работа на Општинското основно училиште „Коле Неделковски“-Скопје во учебната 2026/2027 година.

2. Оваа Одлука да се достави до Градоначалникот на Општина Центар-Скопје и до Општинското основно училиште „Коле Неделковски“-Скопје.

3. Одлуката стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4197/30
23.7.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште „Јохан Хајнрих Песталоци“-Скопје во учебната 2026/2027 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште „Јохан Хајнрих Песталоци“-Скопје во учебната 2026/2027 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година.

Бр. 09-4197/33
23.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 49 став 8 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25, 250/25 и 111/26) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште „Јохан Хајнрих Песталоци“-Скопје во учебната 2026/2027 година**

1. Се усвојува Годишната програма за работа на Општинското основно училиште „Јохан Хајнрих Песталоци“-Скопје во учебната 2026/2027 година.

2. Оваа Одлука да се достави до Градоначалникот на Општина Центар-Скопје и до Општинското основно училиште „Јохан Хајнрих Песталоци“-Скопје.

3. Одлуката стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4197/32
23.7.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште „Гоце Делчев"-Скопје во учебната 2026/2027 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште „Гоце Делчев"-Скопје во учебната 2026/2027 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година.

Бр. 09-4197/35
23.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 49 став 8 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25, 250/25 и 111/26) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште „Гоце Делчев“-Скопје во учебната 2026/2027 година**

1. Се усвојува Годишната програма за работа на Општинското основно училиште „Гоце Делчев“-Скопје во учебната 2026/2027 година.

2. Оваа Одлука да се достави до Градоначалникот на Општина Центар-Скопје и до Општинското основно училиште „Гоце Делчев“-Скопје.

3. Одлуката стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4197/34
23.7.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште „Димитар Миладинов"-Скопје во учебната 2026/2027 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште „Димитар Миладинов"-Скопје во учебната 2026/2027 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година.

Бр. 09-4197/37
23.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 49 став 8 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ" бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25, 250/25 и 111/26) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште „Димитар Миладинов"-Скопје во учебната 2026/2027 година**

1. Се усвојува Годишната програма за работа на Општинското основно училиште „Димитар Миладинов"-Скопје во учебната 2026/2027 година.

2. Оваа Одлука да се достави до Градоначалникот на Општина Центар-Скопје и до Општинското основно училиште „Димитар Миладинов"-Скопје.

3. Одлуката стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-4197/36
23.7.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште „11 Октомври“-Скопје во учебната 2026/2027 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште „11 Октомври“-Скопје во учебната 2026/2027 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година.

Бр. 09-4197/39
23.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 49 став 8 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25, 250/25 и 111/26) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште „11 Октомври“-Скопје во учебната 2026/2027 година**

1. Се усвојува Годишната програма за работа на Општинското основно училиште „11 Октомври“-Скопје во учебната 2026/2027 година.

2. Оваа Одлука да се достави до Градоначалникот на Општина Центар-Скопје и до Општинското основно училиште „11 Октомври“-Скопје.

3. Одлуката стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4197/38
23.7.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2027 година на Општинското основно училиште „11 Октомври“-Скопје бр. 04-224/8 од 10.7.2026 година**

Се објавува Одлуката за давање согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2027 година на Општинското основно училиште „11 Октомври“-Скопје бр. 04-224/8 од 10.7.2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година.

Бр. 09-4197/41
23.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 26 точка 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. („Службен весник на РМ" бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25, 250/25 и 111/26) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2027 година на Општинското основно училиште „11 Октомври"-Скопје бр. 04-224/8 од 10.7.2026 година**

**Член 1**

Се дава согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2027 година на Општинското основно училиште „11 Октомври" - Скопје бр. 04-224/8 од 10.7.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука да се достави до Градоначалникот на Општина Центар-Скопје и до Општинското основно училиште „11 Октомври"-Скопје.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-4197/40
23.7.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар-деловен простор во сопственост на Општина Центар-Скопје на Трговско друштво за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори на Општина Центар-Скопје ЕНЕРГИЈА-ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје**

Се објавува Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар-деловен простор во сопственост на Општина Центар-Скопје на Трговско друштво за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори на Општина Центар-Скопје ЕНЕРГИЈА-ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година.

Бр. 09-4197/43
23.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Советот на Општина Центар-Скопје на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на трајно користење на недвижна ствар-деловен простор во сопственост на Општина Центар-Скопје на Трговско друштво за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори на Општина Центар-Скопје ЕНЕРГИЈА-ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје**

**Член 1**

(1) Со оваа одлука, Советот на Општина Центар-Скопје дава на трајно користење недвижна ствар-деловен простор без надомест на Трговско друштво за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори на Општина Центар-Скопје ЕНЕРГИЈА-ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје.

(2) Недвижната ствар од став 1 на овој член претставува деловен простор сместен во објектот „Судска палата“ на улица 4 бб-Скопје, во согласност со Имотен лист број 103901 за КО Центар 1, КП 885/7, просторија 7 лоцирана на приземје.

**Член 2**

(1) Советот на Општина Центар-Скопје ја дава недвижната ствар-деловниот простор од член 1 на оваа Одлука на трајно користење без надоместок, за чие примопредавање ќе се состави записник.

(2) Трговското друштво за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори на Општина Центар-Скопје ЕНЕРГИЈА-ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје е должно да ги надоместува режиските трошоци (струја, вода, парно и сл.) на начин што за деловниот простор наведен во член 1 став 2 од оваа одлука, кој е поврзан на заеднички броила за кои е задолжен ЈП ПОЦ, ќе плаќа паушален износ за што ќе склучи договор со ЈП ПОЦ.

(3) Воедно, Трговското друштво за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори на Општина Центар-Скопје ЕНЕРГИЈА-ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје е должно да се грижи за деловниот простор како добар домаќин и е одговорно и должно да ја надомести евентуалната штета што ќе ја стори.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Центар-Скопје да склучи договор со Трговското друштво за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори на Општина Центар-Скопје ЕНЕРГИЈА-ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје за трајно користење на деловниот простор наведен во член 1 став 2 од оваа одлука, со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски на договорните страни.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4197/42
23.7.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за формирање Локален совет за превенција на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за формирање Локален совет за превенција на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година.

Бр. 09-4197/45
23.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), а во врска со член 11 став 3 и член 25 став 3 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија" бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.294/21, 89/22, 160/25, 258/25 и 15/26), Советот на Општина Центар-Скопје на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за формирање Локален совет за превенција на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Во Одлуката за формирање Локален совет за превенција на Општина Центар-Скопје
(„Службен гласник на Општина Центар-Скопје" број 5/2026) во член 4 став 1 се менува алинеја 1 и гласи:

- Претставник од Министерство за социјална политика, демографија и млади- Вукељ Ваљдета;

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-4197/44
23.7.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за издавање под закуп на деловен простор во катна гаража „Судска Палата“**

Се објавува Одлуката за издавање под закуп на деловен простор во катна гаража „Судска Палата“,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година.

Бр. 09-4197/47
23.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), а во врска со член 3 став 2 и член 39 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25) Советот на Општина Центар-Скопје на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за издавање под закуп на деловен простор во катна гаража „Судска Палата"

### Член 1
Со оваа Одлука Советот на Општина Центар-Скопје одобрува издавање под закуп на деловен простор во сопственост на Општина Центар-Скопје, кој се наоѓа на приземје на Катната гаража „Судска палата" на улица 4 бб-Скопје, запишан во Имотен лист број 103901, КП 8885, КО Центар 1.

### Член 2
Издавањето под закуп на деловниот простор од член 1 на оваа Одлука да се изврши во согласност со одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

### Член 3
Се задолжува Градоначалникот на Општина Центар-Скопје да ја спроведе оваа Одлука.

### Член 4
Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-4197/46
23.7.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на урбанизмот и просторното планирање**

Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на урбанизмот и просторното планирање,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-4197/49 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 23.7.2026 година | на Општина Центар-Скопје |
| С к о п ј е | д-р Горан Герасимовски с.р. |

Врз основа на член 14 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен Весник на Република Македонија" број 79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 241/24), Советот на Општина Центар-Скопје на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## за измена на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од обласа на урбанизмот и просторното планирање

### Член 1

Во член 2 од Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од обласа на урбанизмот и просторното планирање, во претпоследниот ред, текстот „во рок од три месеци“ се заменува со следниов текст „во рок од шест месеци“.

### Член 2

Во член 3 од Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од обласа на урбанизмот и просторното планирање, во претпоследниот ред, текстот „за временски период од три месеци“ се заменува со следниов текст „за временски период од шест месеци“.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје”.

Бр. 08-4197/48 Совет на Општина Центар-Скопје
23.7.2026 година Претседател
С к о п ј е Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на Годишната награда на Општина Центар-Феникс**

Се објавува Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на Годишната награда на Општина Центар-Феникс,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година.

Бр. 09-4197/51
23.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 12, а во врска со член 10 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје„ бр. 1/06) Советот на Општина Центар-Скопје, на 10. седница одржана на ден 23.7.2026 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за измена и дополнување на Правилник за начинот, условите и постапката за доделување на Годишната награда на Општина Центар-Феникс**

Член 1

Членот 3 се брише.

Член 2

Во членот 5, ставот 5 се брише.

Член 3

Во членот 6, ставот 2 се брише.

Член 4

Во членот 11, во ставот 2, зборовите „ученици или студенти" се бришат.

Член 5

Во членот 15, алинеата 2 се брише.

Член 6

Правилникот се дополнува со нов член 6 кој гласи: „Право да ја добијат наградата имаат физички лица со наполнети 16 години".

Сите наредни членови во Правилникот редоследно се померуваат.

Член 7

Се задолжува Комисијата за статут и прописи да изработи пречистен текст на Правилник за начинот, условите и постапката за доделување на Годишната награда на Општина Центар-Феникс.

Член 8

Овој Правилник влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје.

Бр. 08-4197/50<br>
23.7.2026 година<br>
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје<br>
Претседател<br>
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност за продолжување на важноста на Договорот за закуп на училишен простор-хол во ООУ „Свети Кирил и Методиј" Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност за продолжување на важноста на Договорот за закуп на училишен простор-хол во ООУ „Свети Кирил и Методиј" Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година.

Бр. 09-4197/53
23.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 и 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), и Одлуката за условите и начинот на давање на користење на училишен простор и спроведување други активности во врска со основните училишта на Општина Центар–Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр.5/2022), Советот на Општина Центар-Скопје на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за продолжување на важноста на Договорот за закуп на училишен простор-хол во ООУ„Свети Кирил и Методиј" Центар - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Центар–Скопје дава согласност за продолжување на времетраењето на Договорот за закуп на училишен простор-хол во ООУ„Свети Кирил и Методиј" Центар - Скопје склучен помеѓу ООУ„Свети Кирил и Методиј" Центар – Скопје и Друштво за производство, трговија, услуги и образование ФИЛОС ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, заверен во ООУ„Свети Кирил и Методиј" Центар – Скопје под архивски број 03-249/67 од 10.07.2024 година, со склучување на Анекс кон овој Договор.

**Член 2**

Се овластува Директорот на ООУ„Свети Кирил и Методиј" Центар - Скопје да склучи Анекс кон основниот Договор наведен во член 1 на оваа Одлука, со цел продолжување на важноста на истиот во времетраење од 2(две) години,

Анексот кон Основниот договор ќе се склучи под истите права и должности под кои е склучен основниот Договор, освен за вредноста на месечниот закуп кој ќе изнесува 31.833,00 денари во согласност со Проценка на недвижен имот број 730-2026 од 18.06.2026 година изготвена од ВИЗИЈА-Т ДООЕЛ Скопје.

Училишниот простор-хол во ООУ„Свети Кирил и Методиј" Центар – Скопје, наведен во член 1 од оваа Одлука ќе се користи исклучиво за извршување на дејноста-воспитно-образовен процес на деца од предучилишна возраст.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4197/52
23.7.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Правилникот за начинот и условите за остварување на еднократна парична помош заради штетата предизвикана од природната непогода на подрачјето на Општина Центар-Скопје на ден 21.07.2026 година**

Се објавува Правилникот за начинот и условите за остварување на еднократна парична помош заради штетата предизвикана од природната непогода на подрачјето на Општина Центар-Скопје на ден 21.07.2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година.

Бр. 09-4197/55
23.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24), а во врска со член 34 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21, 124/25 и 148/26), Советот на Општина Центар-Скопје на седница 10. седница, одржана на ден 23.7.2026 година донесе

# П Р А В И Л Н И К
# за начинот и условите за остварување на еднократна парична помош заради штетата предизвикана од природната непогода на подрачјето на Општина Центар-Скопје на ден 21.07.2026 година

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој Правилник се утврдуваат начинот и условите за остварување еднократна парична помош заради штетата предизвикана на недвижен имот исклучиво за кровни конструкции и фасади на индивидуални и колективни објекти за домување оштетени од природната непогода на подрачјето на Општина Центар – Скопје случена на ден 21.07.2026 година.

### Член 2

(1) Во согласност со условите утврдени во овој Правилник, Општина Центар-Скопје, во рамките на расположливите средства во Буџетот на Општината, обезбедува еднократна парична помош за случаи на штета предизвикана од природната непогода на ден 21.07.2026 година.

## II. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### Член 3

(1) За остварување на правото на еднократна парична помош, Општина Центар-Скопје постапува врз основа на поднесеното барање на физички и правни лица кои претрпеле штета на недвижен имот што се наоѓа на подрачјето на Општина Центар – Скопје од природната непогода случена на ден 21.07.2026 година, со прилог документација и докази од која може да се утврди оправданоста на барањето:

- податоци за подносителот на барањето (име, презиме/назив и адреса/седиште);
- недвижниот имот за кој се поднесува барањето да се наоѓа на подрачјето на Општина Центар-Скопје;

- За колективни објекти за домување одлука за поднесување барање за еднократна парична помош од управител или од претседател на заедница на сопственици донесена од мнозинство на сопствениците на објектот 50% плус еден сопственик, со прилог имотни листови од сопствениците на станови кои дале согласност;
- за индивидуални објекти за домување и за објекти за кои не постои законска обврска за формирање на заедница на станари и/или ангажирање на управител, пријава потпишана од мнозинство на сопствениците на објектот 50% плус еден сопственик сопствениците;
- трансакциска сметка на подносителот на барањето;
- записник, потврда или друг документ од надлежен орган за штетата предизвикана од природна непогода случена на ден 21.07.2026 година;
- фотодокументација од недвижниот имот за штетата предизвикана од природна непогода случена на ден 21.07.2026 година.

(2) Барањето за остварување на правото на еднократна парична помош се поднесува во рок не подолг од два месеци од денот на настанувањето на штетата предизвикана од природна непогода.

## III. КРИТЕРИУМИ И УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНАТА ПОМОШ

**Член 4**

(1) Поднесените барања од член 3 на оваа Одлука ги разгледува Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Центар – Скопје која е составена од 7 члена од кои 4 члена од редот на администрацијата на Општина Центар-Скопје, а 3 члена од редот на советниците на предлог од Советот на Општина Центар-Скопје.

(2) Комисијата во рамките на утврдениот лимит и расположливите средства во Буџетот, ги оценува степенот на оштетеност прикажан во доставената документација и водејќи се од начелото на еднаков пристап и обезбедување пропорционален надоместок во однос на настанатата штета, при што во одредувањето на висината на паричната помош особено ги има во предвид:

- социјалниот статус на подносителот на барањето;
- околноста дали недвижниот имот е осигурен во осигурително друштво;
- причината за настанатата штета;
- евентуалната доставена процена на предизвиканата штета.

(3) Комисијата од став 1 на овој член по разгледувањето на пристигнатите барања, доставува образложен Предлог во форма на извештај за секое пристигнато барање за доделување финансиски средства заради штета настаната од природната непогода случена на ден 21.07.2026 година за што Одлука носи Советот на Општина Центар-Скопје.

**Член 5**

(1) Финансиските средства наменети за еднократна парична помош заради штета предизвикана од природната непогода случена на ден 21.07.2026 година се издвојуваат од Буџетот на Општина Центар-Скопје.

(2) Поединечниот доделен износ на финансиски средства по поднесено барање го утврдува Комисијата од член 4 на овој Правилник согласно расположивите средства во Буџетот на Општина Центар-Скопје, кој се утврдува во максимален поединечен износ најмногу до 100.000,00 (со зборови: сто илјади) денари.

**Член 6**

(1) Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-4197/54
23.7.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за измени и дополнувања на Деловникот за работа на Советот на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за измени и дополнувања на Деловникот за работа на Советот на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година.

Бр. 09-4197/57
23.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 26 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21) и членовите 208 и 209 од Деловникот на Советот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 3/06; 12/15 и 20/20), Советот на Општина Центар-Скопје на 10. седница, одржана на 23.7.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за прифаќање на Иницијативата за измени и дополнувања на Деловникот за работа на Советот на Општина Центар-Скопје**

1. Се прифаќа Иницијативата за измени и дополнувања на Деловникот за работа на Советот на Општина Центар-Скопје.

2. Се задолжува Комисијата за статут и прописи да утврди Предлог-одлука за измена и дополнување на Деловникот на Општина Центар-Скопје, заедно со координаторите на советничките групи и претставник од администрација.

3. Овој Заклучок влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-4197/56
23.7.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.